ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2013 и 106/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.9.2013 година, донесе

# УРЕДБА ЗА СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

## Член 1

Со оваа уредба се уредува содржината на Годишната програма за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.

## Член 2

Програмата од член 1 на оваа уредба содржи:

1) вкупна површина на земјоделско земјиште во државна сопственост предмет на продажба изразена во метри квадратни;

2) максималната и кумулативна површина пресметана согласно Методологијата за утврдување на максимална и кумулативна површина на земјоделско земјиште во државна сопственост што е предмет на продажба;

3) површини на земјоделското земјиште во државна сопственост кое ќе биде предмет на продажба во наредната година парцелизирано во блокови со површина до 10 хектари;

4) површини на земјоделското земјиште во државна сопственост кое ќе биде предмет на продажба во наредната година парцелизирано во блокови со површина над 10 хектари;

5) катастарски податоци содржани во имотниот лист и тоа:

- број на катастарска парцела;

- место викано;

- катастарска култура;

- катастарска класа;

- површина изразена во метри квадратни,

- број на имотен лист и

- катастарска општина.

6) намена на земјиштето;

7) податоци за тоа дали има склучено договор за закуп на земјоделското земјиште во државна сопственост;

8) податоци за времетраење на закупот доколку го има;

9) службености или други товари на земјиштето;

10) состојба во која се наоѓа земјиштето (под култура или не) и

11) условите од член 21 од Законот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.

**Член 3**

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-6453/3
18 септември 2013 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р Никола Груевски, с.р.